МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

# Инвестиции во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Марија Теговска, ИДСЦС
Александар Талимџиоски ИДСЦС

**Подготовка**
Ивана Петкуќеска, ИДСЦС

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| СДУ | Социјал демократска унија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ПОДЕМ | Партија за демократско обединување на Македонија |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјал демократски сојуз на Македонија |
| НДУ | Национална демократска унија |
| ДД | Демократска десница |

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за инвестициите како предуслов за економски развој.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Со овој извештај се земени во предвид деловите од програмите на политичките партии кои експлицитно се однесуваат на конкретни предложени политики во сферата на инвестициите, односно се така насловени. Општи и декларативни заложби не се земени во предвид.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

# Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

# Како и колку се спомнуваат инвестициите

Инвестициите се еден од предусловите за економски развиена држава. И покрај нивното големо значење, инвестициите и инвестирањето се спомнува во мал дел од програмите на политичките партии со доставена програма. Само 6 од 12 анализирани програми имаат посебен дел во своите програми, кој е посветен на инвестициите и нивното зголемување.

Понатаму од тие 6 партии кои имаат предвидено посебен дел, само 3 (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и СДУ) презентираат конкретни мерки и предлози. Најмногу внимание на инвестициите посветуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, со тоа што домашните инвестиции (поделени на многу сектори: туризам, текстилна индустрија, металугрија итн) и странските директни инвестиции (СДИ) заземаат скоро половина од програмата на СДСМ. Ниедна од партиите од албанскиот блок не предлага конкретни мерки и предлози во оваа сфера. ВМРО-ДПМНЕ во својата програма во делот на инвестиции посветува значителен дел на тоа што е до сега направено и ги презентираат веќе започнатите проекти кои треба да продолжат да се реализираат.

Поделбата на домашни и странски директни инвестиции е застапена во програмата на СДСМ, а додека поделбата на јавни и приватни инвестиции се споменува во програмата на Демокрација е ре. Главни точки по кои се разгледуваат предлозите и мерките се правната рамка и институционалните капацитети, додека финансиската поддршка на инвестициите е најобработена во програмата на СДСМ.

**Табела 2: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| Демокрација е ре | Економија-Инвестиции | Не |
| ПОДЕМ | / | Не |
| СДУ | Развој-Капитални инвестиции | Да |
| ВМРО-ДПМНЕ | Економаија со висок и одржлив раст- Инвестиции | Да |
| ДУИ | / | Не |
| СДСМ | Работни места и живеачка-Домашни инвестиции; Странски директни инвестиции | Да |
| ЛДП | Економска модернизација на замјата-Подобра бизнис околина, повеќе инвестиции | Не |
| НДУ | / | Не |
| НДП | / | Не |
| ОМ | / | Не |
| ДПА | / | Не |
| ДД | Услови за економски раст -Политики на привлекување странски инвестиции | Не |

## Понуда и предлози за зголемување на инвестиииите

Генерално, политичките партии посветуваат мал дел од своите програми за зголемувањето на инвестициите, како предуслов за економскиот развој. Конкретните мерки и предлози се само мал дел од програмите на политичките партии. Тие се во областа на инфраструктурата, промовирањето на Македонија како и зајакнување на капацитетите за зголемување на инвестирањето.

## Подобрување на правната рамка

Многу мал дел од политичките партии, односно само три (СДСМ, и во многу мала мера СДУ и ЛДП) спомнуваат измени на правната рамка со цел нејзино подобрување/надградба во насока на создавање клима која би ги поттикнала домашните и странските инвеститори. СДУ во својата програма единствено предвидуваат усогласување на македонското со европското законодавство, ЛДП предвидуваат напуштање на ad hoc менувањето на законската регулатива, додека СДСМ вклучуваат измени на многу закони, со помош на кои ќе се овозможат даночни олеснувања и државни субвенционирања. Сепак, програмата на СДСМ каде се изложени конкретните мерки и предлози за инвестиции опфаќа сфери кои не се директно поврзани со инвестирање. Албанските политички партии, помалите политички партии и ВМРО-ДПМНЕ не предвидуваат подобрувања/измени на правната рамка.

**Табела 3: Предлози во изборните програми за подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДСМ | -Ќе се прогласи за неважечки договорот во кој главните елементи на договорот се еднострано определени или можат да се променат без посебна согласност од другата договорна страна<br>-Изготвување на стратегија за начините за зголемување на разновидноста на извозот.<br>-ќе воведе општо правило за влегување во сила на нови, односно изменети и дополнети даночни прописи и прописи од областа на сметководството и финансиите<br>-Новата Влада ќе го врати законското решение за оданочување на добивката и формирање на даночната основа како збир на остварениот резултат (добивка или загуба) и даночно непризнаените трошоци за сите правни лица, без оглед на големината и потеклото на капиталот (домашен или странски).<br>-Годишен данок на вкупен приход за малите компании.Овој данок ќе биде укинат.<br>-Данок на промет на недвижности. Новата Влада ќе ја намали даночната стапка за овој данок<br>-Ќе ја подобрува регулативата за да ја усогласи што побрзо и што повеќе со европската. |
| ЛДП | -Напуштање на ад-хок менувањето на законска регулатива, бидејќи тоа креира правна несигурност и ризици по бизнис плановите со високи трошоци кои се вградуваат и во риск менаџментот на банките т.е. каматните стапки. |
| СДУ | -Хармонизација на нашето законодавство  созаконодавството на Европската Унија |

## Јакнење на институционалните капацитети со цел зголемување на инвестициите

Јакнењето на институционалните капацитети е најзастапениот дел во сферата на инвестирањето, ако се земе предвид малиот осврт кој се дава на оваа проблематика од страна на политичките партии. Шест од вкупно 12 политички партии предлагаат превземање на мерки кои се во правец на јакнењето на институционалните капацитети.

Најголем дел од партиите (СДУ, Демокрациа е ре, СДСМ и ЛДП) посветуваат внимание на инвестирањето во инфраструктурата, што е и еден од главните предуслови за зголемување како на домашните така и на странските инвестиции. Останатите мерки и предлози се во областа на промовирањето на Македонија како привлечна дестинација за странски инвеститори (ВМРО-ДПМНЕ, ДД). СДСМ во својата програма предвидува формирање на фондови, агенции и институти кои би биле во функција на зголемување и поддршка на инвестирањето.

**Табела 4: Предлози /предвидени активности во изборните програми за зголемување на инвестициите**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДУ | -Автопат Скопје – Гевгелија - да се заврши, модернизира и реконструира<br>- Автопат Велес –Струмица со кој ќе се поврзе цела источна Македонија<br>- Автопат Скопје - Охрид<br>- Модернизацијата на авионската инфраструктура со изградба на карго-аеродром во Струмичко<br>- Итна модернизација на железничката инфраструктура, посебно во делот намеѓународното поврзување.(стр.19) |
| Демокрациа е ре | -НД ќе се ангажира за намалување на бирократијата – проста и брза постапка за регистрирање на фирма, за подобра заштита на приватната сопственост и давање на можности за заедничките инвестиции за патишта, објекти на енергетика, училишта, болници и други проекти преку моделот на јавно приватно партнерство.(стр.8)<br>-Инвестициите ќе опфатат: нови патишта; водовод; училишта; болници; лаборатории; информатичка опрема; машинерија и опрема, која ќе бидат главен генератор на економскиот раст, бидејќи овие се предизвици за зголемување на индустриското производство за среднорочниот период; објекти на енергетиката; заштитни средства; објекти за културни активности, кои се значајни за подобрување на животот на граѓаните(стр.9) |
| ДД | -Предвидува инвестиции во фокусирано рекламирање надржавата кон конкретни целни групи на компании кои навистина можат да имаат корист од инвестирање во Македонија(стр.22) |
| ЛДП | -Инвестициите во енергетиката<br>- Инвестициите во патните коридори<br>-Инвестициите во железничките коридори(стр.36) |
| ВМРО-ДПМНЕ | -Проект- "Се грижиме за инвеститорите"(стр.52)<br>-Проект-"Отворена врата за странските бизниси"(стр.53)<br>-Формирање на зелени економски зони<br>-Отворање на нови индустриски зони<br>-Отворање на шест регионални канцеларии за засилена промоција на инвестиции и извос во земјите каде што има интерес за инвестирање во Македонија.(стр.53) |

| | |
|---|---|
| СДСМ | -Ќе формира гарантен фонд кој ќе им дава гаранции на банките за нивните кредити за земјоделците.<br>-Ќе профункционира Национално тело за финансиска супервизија во Република Македонија.<br>-Создавање на интер-министерски совет од министерствата коишто имаат надлежности за работењето на малите и средни претпријатија<br>-Обединување на активностите на постојните државни агенции за инвестиции и поддршка на претприемништвото, во единствена Агенција за претприемништво и странски инвестиции.<br>-Создавање на систем за „оне-стоп шоп“ услуги за вадење на дозволи од секаков тип од јавната администрација<br>-Создавање на мрежа на функционални бизнис-инкубатори и старт-ап центри низ целата<br>земја<br>-Ќе создаде Институт за стратешки анализи и истражувања, кој меѓу другото ќе се занимава и со макроекономски проекции.<br>-Ќе формира Центар за обука на службениците како посебен правен ентитет - јавна установа во чија работа како обучувачи ќе земат учество еминентни домашни и странски експерти<br>-Сите недржавни функции на министерствата ќе бидат делегирани на невладиниот сектор, 13научни институции и на приватни субјекти, на кои им е доверено вршење на јавни овлстувања (лиценцирања, испитувања, мерења и сл.), со што ќе се растовари државниот буџет.<br>-Ќе го реализира проектот “Отворен регулаторен прозорец“. Со овој проект ќе се воведат постојани канали на комуникација помеѓу бизнис заедницата и Владат<br>-Ќе го реализира проектот „Национален бизнис совет |

## Финансиска поддршка за зголемување на инвестирањето

Во програмата на СДСМ, предвидува финансиска поддршка и олеснувања, кои во најголем дел се фокусираат на домашните инвеститори со цел поттикнување (субвенционирања, даночни олеснувања, зголемување на буџетот за капитални инвестиции итн).

**Табела 5: Предлози во изборните програми за подобрување на финансирањето**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДСМ | -Ќе ја субвенционира каматата на кредитите што фирмите и граѓаните ќе ги земаат од банките, при остварувањето на некој од владините проекти.<br>-Ќе направи измени во начинот на осигурување на депозити во Фондот за осигурување депозити<br>-Ќе го укине оданочувањето на каматата на депозитите (што сега само е одложено)<br>-Зголемување на поддршката за малите и средни претпријатија од Македонската банка за<br>поддршка на развојот, преку воведување на нови програми на банката.<br>-Воведување на последипломски студии на државните универзитети, од областа на менаџмент на малиот бизнис и претприемништвото и покривање на дел од трошоците за рфинансирање до 50 студенти секоја академска година<br>-Субвенционирање на трошоците и техничка помош за вмрежување на земјоделски фирми со регионалните синџири за малопродажба и со регионалните земјоделски берзи<br>-Целосно ослободување од данок на добивка на текстилни фирми со продажба на |

| | |
|---|---|
| | производи со над 50% домашна додадена вредност<br>-Создавање продуктивни дефицити до 3% од БДП за финансирање на инвестициите во образование, здравство, инфраструктура и енергетика<br>-Постојната Влада го воведе рамниот данок, според кој сите граѓани плаќаат данок по иста даночна стапка од 10%, без оглед колкава им е платата<br>-Новата Влада конечно ќе го укине решението (кое сегашната Влада само го одлага) за оданочување на приходите од камати<br>-Ќе го зголеми износот на народни пари од буџетот што се користат за капитални инвестиции<br>-Од буџетот ќе издвои до 20 милиони евра годишно и ќе ги покрие трошоците на фирмите за камата за новоземени банкарски инвестициски кредити за новозапочнати проекти<br>-На фирмите што ќе инвестираат, а кои имаат таква потреба, ќе им се дадат бесплатно на користење неискористени парцели од економските зони<br>-Ќе покрие дел од трошоците на фирмите за сертифицирањата за квалитет.Ќе покрие дел од трошоците за регистрирање патент. |

# Заклучоци

**1. Мал од политичките партии го спомнуваат и нудат предлози за зголемување на инвестициите**

И покрај нивното огромното значење кое го има за развојот на Република Македонија, инвестирањето се спомнува во мал дел од програмите на политичките партии со доставена програма. Вкупно **6 од 12 анализирани програми имаат посебен дел во своите програми кој е посветен на инвестициите** и нивното зголемување.

Понатаму од тие 6 партии кои имаат предвидено дел, **само 3 презентираат конкретни мерки и предлози. Најмногу внимание** на инвестициите **посветуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. СДСМ обрнуваат многу поголемо внимание** на домашните инвестиции споредбено со обемноста на излагањето на кокретните мерки во насока на привлекување на странски директни инвестиции (СДИ) заземаат скоро половина од програмата на СДСМ. **Главни точки** по кои се разгледуваат предлозите и мерките се **правната рамка, институционалните капацитети**, додека конкретни мерки со кои државата би овозможила **финансиска поддршка** има **само во програмата на СДСМ.**

**2. Мал фокус на подобрувањето на правната рамка**

Многу мал дел од политичките партии, односно **само три** (СДСМ и во многу мала мера СДУ и ЛДП) **спомнуваат измени на правната рамка** со цел нејзино подобрување/надградба во насока на создавање клима која би ги поттикнала домашните и странските инвеститори да вложуваат. СДУ во својата програма единствено предвидуваат усогласување на македонското со европското законодавство, ЛДП предвидуваат напуштање на ad hoc менувањето на законската регулатива, додека СДСМ во својата програма вклучуваат измени (па и укинувања) на многу закони кои се однесуваат на даночни олеснувања и државни субвенционирања. Албанските политички партии, помалите политички партии и ВМРО-ДПМНЕ не предвидуваат подобрувања/измени на правната рамка.

3. **Недоволен фокус на јакнењето на институционалните капацитети**

Јакнењето на институционалните капацитети е **најзастапениот дел** во сферата на инвестирањето, **ако се земе предвид малиот осврт** кој се дава на оваа проблематика од страна на политичките партии. **6 од вкупно 12 политички партии** предлагаат превземањне на мерки кои се во правец на јакнењето на институционалните капацитети.

Најголем дел од партиите (СДУ,Демокрациа е ре, СДСМ и ЛДП) посветуваат внимание на инвестирањето во **инфраструктурата.**

Останатите мерки и предлози се во областа на **промовирањето на Македонија** како привлечна дестинација за странски инвеститори (ВМРО-ДПМНЕ, ДД).

## 4. Само една политичка партија предлага подобрување на финансирањето

Од сите политички партии, само СДСМ предвидува финансиска поддршка и олеснувања, кои во најголем дел се фокусираат на домашните инвеститори со цел поттикнување (**субвенционирања, даночни олеснувања, зголемување на буџетот за капитални инвестиции** итн ).

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Демокрациа е ре | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.